**ДО:**

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Плоштад Пресвета Богородица бр. 3**

**Скопје 1000, Република Северна Македонија**

**ПРЕДМЕТ:** Барање за административна интервенција и вршење надзор на работењето на Јавната установа „Национален парк Маврово“ во врска со постапката за репрогласување на националниот парк

**ДАТУМ:** 9 септември 2026 година

Почитуван министер Хоџа,

Ние, долупотпишаните граѓански организации посветени на остварување на правдата во животната средина, заштитата на природата и владеењето на правото во Северна Македонија, Ви се обраќаме за да го истакнеме нашето незадоволство во врска со неоснованото и незаконско одолговлекување и административно несоодветното постапување, кои се случуваат во Јавната установа „Национален парк Маврово“ (ЈУНП Маврово).

Националниот парк Маврово  останува заглавен во неприфатлива правна неизвесност. Повеќе од две децении од донесувањето на Законот за заштита на природата („Службен весник на РМ“ бр. 67/04 и неговите последователни измени и дополнувања), државните институции не успеаја да го завршат со закон предвидениот процес на повторно прогласување на Националниот парк Маврово, иако за тоа постојат јасни законски обврски, со што националниот парк функционира во правен вакуум и без законски задолжителниот план за управување со заштитеното подрачје и без обновен Просторен план.

Стручни тимови ја финализираа неопходната Студија за валоризација финансирана преку јавни и донаторски средства, но органот на управување на ЈУНП Маврово отворено одбива да ги прифати нејзините научни наоди и предлози за зонирање. Наместо да ја извршува својата законска должност за заштита и унапредување на биолошката разновидност, раководството на ЈУНП Маврово со неприфаќање на делови од предложеното зонирање ја оневозможува постапката за повторно прогласување и продолжува со практики кои се спротивни на примарните цели на воспоставување на заштитено подрачје на природата – национален парк. Тоа вклучува користење на шумите и спроведување на комерцијален лов како едни од примарните извори на финансирање на паркот, поддршка на проектите за мали хидроелектрани (МХЕ) во рамките на заштитеното подрачје и други активности кои суштински се спротивни од целта на постоењето на подрачјето.

Ваквото однесување директно ги прекршува Уставот и законите на Република Северна Македонија и упорно ги игнорира Препораките бр. 184 (2015) и бр. 211 (2021) на Постојаниот комитет на Бернската конвенција, ставајќи ја нашата земја под строг меѓународен мониторинг и ризикувајќи меѓународни правни санкции.

**Правни основи за итна интервенција на Министерството**

Јавната установа Национален парк Маврово нема автономна сувереност над територијата, туку таа функционира исклучиво како тело за управување на кое му се доверени надлежности од јавен интерес, под директна надзорна и регулаторна надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) и Владата на Република Северна Македонија.

Ги наведуваме следните јасни законски одредби од Законот за заштита на природата:

- **Уставна одговорност (чл. 8 и чл. 43) за заштита на природата и легитимност за надзор согласно Законот за заштита на природата 67/2004 и сите натамошни измени (чл. 168), Закон за организација и работа на органите на државната управа 58/2000 со сите натамошни измени (Член 38):** Надзорот над примената на Законот за заштита на природата и донесените прописи од таа област го врши МЖСПП. Кога субјектот што управува со заштитеното подрачје не ги извршува своите законски овластувања или постапува спротивно на целите за заштита на природата, Министерството е законски обврзано да изврши инспекциски и управен надзор.
- **Овластувања за државен надзор и инспекција (Закон за заштита на природата 67/2004 и сите натамошни измени, членови 133, 135, 168, 169, 171, 172, 173 и 174):** Преку Државниот инспекторат за животна средина и инспекторите за заштита на природата, Министерството поседува целосно законско овластување да врши инспекција, да наложува итни мерки и да запира какви било одлуки или активности за управување во заштитените подрачја кои предизвикуваат деградација на живеалиштата или ги прекршуваат законските цели за заштита.
- **Контрола над управувањето со Јавната установа (Закон за заштита на природата 67/2004 и сите натамошни измени, членови 137, 138, 139, 141 и 142):** Јавните установи национални паркови се одговорни пред државата. Управниот одбор и директорот се должни да постапуваат во согласност со законот. Доколку раководството свесно ја занемарува државната политика, го одолговлекува донесувањето на Планот за управување или не го поддржува процесот на повторно прогласување предвиден со закон, Министерството, исто така, има целосно законско право и обврска да покрене постапка за разрешување на директорот и Управниот одбор пред Владата на Република Северна Македонија.
- **Начело на претпазливост (Закон за заштита на природата 67/2004 и сите натамошни измени, член 7 став 1 точка 4 и Јавен интерес Член 2, член 13, и Закон за заштита на животната средина, член 13):** Законите изречно го воспоставуваат *начелото на претпазливост*, барајќи од државните органи да преземаат превентивни мерки секогаш кога одредени активности се закануваат да ја нарушат биолошката разновидност. МЖСПП го има конечниот мандат да интервенира и да ја преземе директната административна контрола над процесот на повторно прогласување кога локалните јавни установи не постапуваат во согласно националното законодавство за заштита на природата.

**Нашите барања:**

Имајќи ги предвид најавената теренска мисија на Бернската конвенција во текот на 2026 година (On-The-Spot Appraisal) и нарушување на довербата помеѓу граѓанското општество и локалните заедници од една, и сегашното раководство на националниот

парк од друга страна, формално бараме Владата и Министерството за животна средина и просторно планирање да ги преземат следните итни дејствија:

1. **Да ја преземат директната административна контрола над репрогласувањето:** Министерството треба директно да ги поднесе финализираната Студија за валоризација и предлог-законот за повторно прогласување на Националниот парк Маврово на јавна расправа според пропишаната собраниска процедура.
2. **Да се воведе итен мораториум:** Да се донесе управен акт со кој се замрзнуваат сите тековни градби/продолжувања на концесии за мали хидроелектрани, Посебните планови за одгледување и заштита на шумите, Програмата за заштита, одгледување и управување со дивечот, и нови инфраструктурни проекти во границите на паркот, сè до конечното донесување на Законот за повторно прогласување на Национален парк Маврово.
3. **Исполнување на меѓународните обврски:** Целосно спроведување на Препораката бр. 211 (2021) од Бернската конвенција без понатамошни одложувања.

Граѓанското општество повеќе нема пасивно да набљудува додека јавните установи чија задача е заштита на нашето природно наследство не ги извршуваат обврските за кои постојат. Доколку Министерството не го оствари својот законски надзорен мандат над ЈУНП Маврово, подготвени сме да ги искористиме сите домашни правни механизми - преку поведување на управни постапки за молчење на администрацијата односно институционално непостапување - и да ги презентираме нашите наоди директно до меѓународните тела согласно ратификуваните меѓународни договори и органите за мониторинг на Европската Унија.

Очекуваме официјален одговор и покана за итен работен состанок во рок од 14 дена од доставувањето на ова писмо.

Поддржано и потпишано од следните граѓански организации:

Центар за истражување и информирање за животна средина Еко-свест

Македонско еколошко друштво

Здружение за зелено општество ГРИНЕР Скопје

Здружение за значење на еколошкото образование во осовремунување на образовниот процес ЗЕОООП

Новинари за човекови права

Organized Youth Association- Гостивар

Движење за околината Молика - Дом Битола

Здружение за екологија и заштита на животната средина „Еко Тим Исток“ - Кочани”

Рурална Коалиција Кичево

Здружение на граѓани ЕКОВИТА Неготино

Здружение на граѓани Еко Логик Скопје

Здружение на граѓани Вело Училишта Скопје

Здружение на овоштари БЛАГОЈ А. КОТЛАРОВСКИ Ресен

Здружение за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ПРЕСПА 2018 Ресен

Грин-орг-ко Кочани

Национално Здружение на Сопственици на Приватни Шуми

Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје

Здружение на вински консултанти и едукатори Калем-ење

Зелена народна стража

Граѓанска иницијатива Охрид SOS

Здружение за развој, едукација и еколошка етика ПОЛИМАТ 13 Богданци

**Доставено до:**

- Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Секретаријатот на Бернската конвенција (Совет на Европа)
- Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија
- Државниот инспекторат за животна средина
- Домашни и странски медиуми